2018

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА Е-ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

E-PDD.UJP.GOV.MK

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
Република Македонија
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 05.02.2018 година

Уредници: Елена Петрова - Проект кординатор
Весна Новаковиќ - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: Пресметување и плаќање на е-Персонален данок на доход

ISBN: 978-608-4592-91-4
Бр: 08-1112/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/67

**2018 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД....................2

I. ИСПЛАТУВАЧИ НА ПРИХОДИ....................3
Постапки за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД)

II. ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ (САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ, ТРГОВЦИ ПОЕДИНЦИ, ЗАНАЕТЧИИ, АДВОКАТИ, ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ДЕЈНОСТ ОД ВРЕМЕН КАРАКТЕР....................16

III. ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ОСТВАРУВААТ ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ТРГОВЦИ КОИ ОРГАНИЗИРААТ ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ....................19

IV. ГРАЃАНИ КОИ ОСТВАРУВААТ ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА ИЛИ ПРИХОДИ ОД СТРАНСТВО....................24

## ВОВЕД

Со Законот за изменување и  дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на РМ“, бр.190/2017), од 1 јануари 2018 година се воведува нова процедура за пресметување и плаќање на обврските за персонален данок на доход (ПДД), односно пресметувањето на ПДД ќе се врши со поднесување на **Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД)** до Управата за јавни приходи, преку новиот систем е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk**

### Кој има обврска да поднесува Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД)?

- **Исплатувачи на приходи (правни лица и СВД кои водат деловни книги)** - кога исплаќаат приходи по сите основи кои подлежат на оданочување, како и за определени приходи за кои целосно или делумно немате обврска за пресметување и плаќање на ПДД на физички лица - резиденти и нерезиденти на Република Македонија, освен за исплата на плата на вработени лица.
- **Физички лица-резиденти** кои остваруваат приходи од други физички лица и приходи од странство, освен за приходи од вршење на самостојна дејност.
- **Физички лица-нерезиденти** кои остваруваат приходи од други физички лица во Република Македонија.

**ИСПЛАТУВАЧИ НА ПРИХОДИ**

Со воведувањето на Електронската пресметка (е-ППД), исплатувачите на приходи почнувајќи со исплатите што ќе ги вршат од 01.01.2018 година, ќе немаат повеќе обврска да му издадат на секој обврзник збирен податок за вкупно платената аконтација, како и да поднесуваат годишни извештаи ПДД-ГИ, ПДД-ГИ/ОЗП, ПДД-ГИ/ОЦО и месечни извештаи ПДД-МИ/ИС.

**ГРАЃАНИ**

Со воведувањето на Електронската пресметка (е-ППД), граѓаните за приходите кои подлежат на оданочување, а се остварени во земјата и во странство почнувајќи од 01.01.2018 година, немаат повеќе обврска за поднесување на Аконтативни даночни пријави ПДД-АДП/ПИ, ПДД-АДП/КД и ПДД-АДП/ДП.

# I. ИСПЛАТУВАЧИ НА ПРИХОДИ
## Постапки за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД)

## Ако сте веќе регистрирани на е-Даноци, истовремено сте и корисник на системот е-Персонален данок!

Со регистрација на системот е-Даноци **https://etax-fl.ujp.gov.mk** преку кој поднесувате даночни биланси за данок на добивка / персонален данок на доход и ДДВ пријави, истовремено сте регистрирани на системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk**

Електронските пресметки е-ППД преку системот **e-pdd.ujp.gov.mk** во ваше име ќе ги пополнува и поднесува физичкото лице кое сте го овластиле за пополнување и потпишување за вид данок ПДД во системот е-Даноци.

**НАПОМЕНА**: За сите корисници на системот е-Даноци кои се веќе регистрирани до 31.12.2017 година, Управата за јавни приходи автоматски ќе ја пренесе регистрацијата и во системот е-Персонален данок.

Ваша обврска ќе биде, овластеното физичко лице за потпишување за ПДД, по најавата на системот е-Персонален данок со корисничкото име и лозинката од е-Даноци, да го преземе дигиталниот сертификат, односно во вашиот профил да означите "дигитално потпишување", и да го изберете копчето "промени".

Овластените физички лица промената на е-поштата и лозинката ја вршат во е-Даноци.

Корисничкото име (е-пошта) неможе да се менува, истото секогаш се користи само за најава во системот е-Даноци и **e-pdd.ujp.gov.mk**. За да се промени е-поштата за контакт, се врши најава во системот е-Даноци со корисничко име и во профилот се променува е-поштата со посакуваната на која ќе ги добивате сите известувања и лозинки од Управата за јавни приходи.

## Поднесете Електронска пресметка (е-ППД) пред секоја исплата на приход на физичко лице (резидент или нерезидент)

Во оваа категорија влегуваат граѓаните на кои им исплаќате приходи по основ на:

**1. Плати, други лични примања по основ на работен однос и пензии**

1.4 Пензиски надоместок по основ на доброволно пензиско осигурување

**2. Дополнителни примања и надоместоци на трошоци на вработени лица на кои не се платени придонеси и други лични примања на невработени лица**

2.1 Приходи кои подлежат на оданочување со ПДД - регрес за годишен одмор

2.2 Други примања на вработени лица кои подлежат на оданочување со ПДД

2.3 Приходи кои не подлежат на оданочување со ПДД

2.4 Други лични примања на невработени лица

**(3.1) Примања на членови на органи на управување и органи на надзор во трговски друштва**
**(4.1) Примања на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции**
**(5.1) Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници**
**(6.1) Надоместоци на членови на МАНУ**
**7. Примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги**

7.1 Примања по основ на извршени консултантски услуги

7.2 Примања по основ на извршени интелектуални услуги

7.3 Примања по основ на извршени други повремени или привремени услуги

**8. Приходи од имот и имотни права (закупнини)**

8.1 Приходи од имот и имотни права, освен од издавање на опремени станбени и деловни простории

8.2 Приходи од издавање на опремени станбени и деловни простории

**9. Приходи од авторски права и права на индустриска сопственост**

(од 9.1 до 9.7) Подвидови на приходи од авторски права и права на индустриска сопственост според видовите на авторски права утврдени со Законот за персоналниот данок на доход за кои се применуваат различни стапки на одбитоци, како и подвид 9.8 со стварни трошоци (за права на индустриска сопственост)

**(10.1) Дивиденди и други приходи остварени со учество во добивката**
**(11.1) Камати за заеми, обврзници и други хартии од вредност**
**12. Добивки од игри на среќа и други наградни игри**

12.1 Добивки од посебни игри на среќа, освен од обложувалница

12.2 Добивки од игри на среќа во обложувалница

12.3 Добивки од општи игри на среќа на кои се наплатува ПДД

12.4 Добивки од посебни игри на среќа на неидентификувани нерезиденти

**13. Други приходи**

13.1 Приходи од откуп на корисен цврст отпад

13.2 Други приходи

**14. Приходи од земјоделски производи и лековити билки и шумски производи**

14.1 Приходи од лековити билки и шумски плодови

14.2 Приходи од сопствени земјоделски производи

**НАПОМЕНА**:

- За видовите приходи **4, 5 и 6**, односно за подвидовите **4.1, 5.1 и 6.1**, Електронска пресметка (е-ППД) може да се поднесе **само за исплати на физички лица-резиденти.**
- Од 01.01.2018 година имате обврска да поднесете Електронска пресметка (е-ППД) **пред исплатата на секој оданочив приход**, вклучително и за приход за кој основот за исплата настанал пред 1 јануари 2018 година (на пример, примена услуга во 2017 година, користен закуп во 2017 година и сл.). Поднесете Електронска пресметка (е-ППД) и пред **исплата на приходи за кои целосно или делумно немате обврска за пресметување и плаќање на ПДД**, и тоа:
  - за вкупниот износ што го исплаќате на едно лице (вработено кај исплатувачот) по основ на надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точка 6, 6-а), 12, 13, 24 или 25 (надоместоци за службени патувања и други надоместоци од точката 6), надоместоци на трошоци за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот, надоместок во случај на смрт на вработениот и на член на семејството, помош за претрпени штети од елементарни непогоди, отпремнина која се дава при заминување во пензија или еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно ангажирање на работниците), доколку вкупниот износ на исплата на лицето е над пропишаниот износ кој не подлежи на оданочување (на пример, ако за надоместоците на трошоци за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот данок на доход не се плаќа за износ најмногу до 3,500 денари месечно, тогаш при исплата на износ помал од 3,500 денари немате обврска да поднесете Електронска пресметка (е-ППД), а при исплата на приход од 5,000 денари поднесете Електронска пресметка (е-ППД), со што преку пресметката ќе го исплатите вкупниот нето износ на примателот на приходот. Во Електронската пресметка (е-ППД) пополните две ставки за примателот на приходот, и тоа во една ставка за подвид 2.3 ќе го прикажете бруто приходот од 3,500 денари кој не се оданочува со ПДД, а во друга ставка за подвид 2.2 ќе го прикажете бруто приходот од 1,500 денари на кој се пресметува и се плаќа ПДД);
  - за вкупниот износ што го исплаќате на едно лице (ученик или студент) како награда за време на задолжителна практична работа и обука, доколку вкупниот износ на исплата на лицето е над пропишаниот износ кој не подлежи на оданочување според член 6 став (1) точка 3-а (на пример, ако за износот до 4,000 денари месечно не се плаќа ПДД, тогаш при исплата на износ од 6,000 денари поднесете Електронска пресметка

(е-ППД) во која ќе пополните две ставки за примателот на приходот, и тоа во една ставка за подвид 2.3 ќе го прикажете бруто приходот од 4,000 денари кој не се оданочува со ПДД, а во друга ставка за подвид 2.4 ќе го прикажете бруто приходот од 2,000 денари на кој се пресметува и се плаќа ПДД;

- за исплати по основ на откуп на лековити билски и шумски плодови од физички лица (член 6 став (1) точка 21-б од Законот) – поднесете Електронска пресметка (е-ППД) за подвид 14.1.

• За **исплати на приходи на физички лица за кои не се плаќа ПДД под одредени услови** согласно членот 6 став 1 точка 13-б (финансиска помош на физички лица која се користи за лекување во земјата или во странство во висина на реалните трошоци) и согласно членот 6 став 1 точка 28, 29, 30 или 31 (надоместоци на трошоци по неколку основи), доколку не располагате со документи за направените трошоци, имате обврска пред исплатата да поднесете Електронска пресметка (е-ППД) за целиот износ што го исплаќате. Ова се однесува за исплати на финансиска помош од член 6 став (1) точка 13-б и исплати на надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точки 28, 29, 30 и 31, и тоа:
  - 13-б) финансиска помош на физички лица која се користи за лекување во земјата или во странство, во висина на реалните трошоци на лекувањето, документирани со сметки на здравствените установи кои го извршиле лекувањето;
  - 28) надоместок на трошоци за хотелско сместување, храна и превоз за лица кои не се вработени кај филмскиот продуцент, кои учествуваат при производство на филм наменет за јавно прикажување, во висина на стварните трошоци, утврдени врз основа на документ за направените трошоци;
  - 29) сместување (ноќевање или ноќевање со појадок) и превоз за лица кои не се вработени кај исплатувачот, а кои се ангажирани за извршување на работа кај исплатувачот во функција на неговата дејност врз основа на документи за направените трошоци;
  - 30) сместување, храна и превоз за лица кои се учесници или ангажирани на настани организирани во рамки на активностите на организација основана согласно со Законот за здруженија и фондации, врз основа на документи за направените трошоци; и
  - 31) сместување, храна и превоз за членови на синдикатот кои се учесници или ангажирани на настани организирани во рамки на активностите на синдикатот и примања на членови на синдикатот исплатени од

средствата на синдикатот согласно Статут, програма и одлуки на органите на синдикатот.

- За **исплати на приходи на физички лица за кои од 01.01.2018 година не се плаќа ПДД согласно со измените на Законот за персоналниот данок на доход,** а основот за оданочување настанал пред 01.01.2018 година и трошоците за сместување, храна и превоз настанале во 2017 година, при исплатата во 2018 година имате обврска да поднесете Електронска пресметка (е-ПДД) преку која ќе се пресмета ПДД (со избор на подвид на приход 2.4).
  Ова се однесува за исплати на надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точки 29, 30 и 31.
- За **исплата на приходи на физички лица по основ на откуп на земјоделски производи**, од 01.01.2018 година персоналниот данок на доход се пресметува и плаќа по одбивка, едновремено со исплатата на приходот на физичкото лице, а основица е приходот што се исплаќа намален за 80% признати трошоци.
  Поднесете Електронска пресметка (е-ПДД) пред исплата на приходот од продажба на земјоделски производи на физичкото лице за подвид 14.2.
- Ако сте **приредувач на посебни игри на среќа**, Електронската пресметка (е-ПДД) поднесете ја следниот работен ден за добивките од игрите на среќа исплатени претходниот работен ден, за подвид 12.1 и 12.4.

## Начин на пополнување на Електронска пресметка (е-ПДД)

Во една Електронска пресметка (е-ПДД) може да ги внесете сите физички лица на кои имате намера да им извршите исплата со еден налог за плаќање, за исти или за различни видови и подвидови приходи.
Податоците во е-ПДД може да ги пополните за секој примател на приход и со вчитување на податоци подготвени во XML структура. Шемата на XML структурата може да ја најдете во главното мени на системот е-Персонален данок. Доколку податоците вчитани од XML датотека имаат грешки, исправка на грешките може да вршите со рачен внес во формата за пополнување преку веб сервисот.

- Внесете ЕМБГ на примателот на приходот (автоматски ќе се појават идентификационите податоци за истиот).
  **НАПОМЕНА**: Не е неопходно примателот на приходот да е регистриран корисник на системот е-Персонален данок.

- Доколку примателот на приходот не е запишан како даночен обврзник во Регистарот на даночни обврзници на УЈП, при внесот системот, ќе ве извести за грешка. Потребно е примателот на приходот да поднесе Пријава за регистрација на даночен обврзник (образец УЈП-РДО) до надлежната даночна канцеларија на УЈП со документ за идентификација за увид. Доколку примател на приходот е странско физичко лице - нерезидент, внесете го ЕДБ доделен од УЈП, а доколку примателот на приходот е странско физичко лице кое стекнало резидентен статус во РМ, внесете го ЕМБГ од документот за привремен престој во РМ.
- Изберете го видот и подвидот на приходот кој ќе го исплаќате на примателот. Системот ќе ве води и нема да овозможи за примател – нерезидент (со доделен единствен даночен број од УЈП) да ги изберете следните видови и подвидови на приходи: 4.1, 5.1 и 6.1.
- Изберете го начинот на исплата на приходот: „на трансакциска сметка" или „друг начин".
  **НАПОМЕНА**: Изберете „друг начин" на исплата доколку вршите исплата во натура (на пример, давање на ствари како добивка од општи игри на среќа, исплати на вработените и невработени лица по основ на осигурување, закупнини и разни други лични примања кои ги надоместувате преку плаќање по фактури на други субјекти, кусоци за кои се задолжува одговорно лице, дадени парични сретства на лицето на име материјални трошоци кои не се документирани и добиваат третман на лични примања и др.) или во хартии од вредност. Во ваков случај задолжително во полето „датум на исплата" внесете го датумот кога физичкото лице го примило приходот на друг начин доколку приходот е веќе исплатен.
- Доколку сте избрале начин на исплата „на трансакциска сметка", задолжително внесете ја трансакциската сметка на примателот на приходот.
- Внесете го бруто износот на приходот што го исплаќате.
  **НАПОМЕНА**: За да го пресметате бруто износот за определен вид / подвид на приход кој треба да го внесете во полето „бруто / остварен приход" во е-ППД тргнувајќи од нето износот што треба да го исплатите, користете ја помошната алатка „Калкулатор" во системот е-Персонален данок. Во калкулаторот изберете го видот/подвидот на приходот кој треба да го внесете во е-ППД, во полето „Нето износ" внесете го нето износ за исплата и чекирајте го полето „Пресметај". Автоматски ќе го добиете бруто износот за видот/подвидот на приходот кој треба да го внесете во е-ППД. Преку калкулаторот може да го пресметате и нето износот за исплата тргнувајќи од бруто износот, за секој подвид на приход.

- Внесете слободен текст во полето „Забелешка на исплатувачот” (на пример, број на договор, број на судска пресуда и сл.)
  **НАПОМЕНА**: Текстот внесен во полето „Забелешка на исплатувачот” се пренесува во поединечниот налог за исплата на нето приходот на физичкото лице во „Повикување на број - одобрување”.

## Специфичности и дополнителни податоци за некои видови на приходи

- Ако сте **ПРИРЕДУВАЧ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА**, задолжително пополнете го полето „датум на исплата”, а нема потреба да внесувате трансакциска сметка на примателите на приходи (добивки од посебни игри на среќа), бидејќи приходите се веќе исплатени.
  Во посебна е-ППД (за подвид 12.4) внесете ги исплатите на физички лица-нерезиденти за кои немате обезбеден податок за ЕДБ издаден од УЈП. Истите внесете ги со број на документот за идентификација (пасош) во полето за ЕМБГ. За добивки од игри на среќа во обложувалница (подвид 12.2) во полето „Бруто / Остварен приход” внесете го износот на поединечната исплата на добивката (без добивките остварени во текот на играта на среќа), а во полето „Износ кој не подлежи на оданочување” внесете го износот на поединечната уплата врз основа на која е остварена добивката, со што ПДД ќе се пресмета на разликата меѓу поединчената исплата на добивката и поединечната уплата, доколку исплатата е поголема од уплатата.
- За **вид 2** - дополнителни примања од работен однос и надоместоци на трошоци на вработени лица на кои не се платени придонеси или други лични примања на невработени лица, како и за **вид 14** - приходи од продажба на земјоделски производи и лековити билки и шумски плодови, во соодветно поле може да внесете **АВАНСНО ИСПЛАТЕН ИЗНОС НА ПРИМАТЕЛОТ НА ПРИХОДОТ** доколку на лицето претходно сте му исплатиле „аванс”. Во ваков случај, во збирниот налог и во поединечните налози за плаќање, износот на нето приходот за исплата на трансакциска сметка на примателот ќе биде намален за авансно исплатениот износ. Авансно исплатениот износ не може да биде поголем од нетото за исплата на транскациска сметка.
- Доколку **СТЕ ПРИМИЛЕ ФАКТУРА СО ПРЕСМЕТАН ДДВ ОД ФИЗИЧКО ЛИЦЕ КОЕ Е РЕГИСТРИРАН ДДВ ОБВРЗНИК**, по која треба да исплатите приход на физичко лице - член на орган на надзор во трговско друштво (вид 3), или на вешто лице или стечаен управник (вид 5), или да исплатите примање по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги (вид 7), или приходи од имот и имотни права (подвид 8.1 или 8.2),

или приходи од авторски права и права на индустриска сопственост (вид 9), или приходи од сопствени земјоделски производи (подвид 14.2), тогаш во полето „бруто / остварен приход" внесете го фактурниот износ без ДДВ кој е даночна основа за ПДД, а во полето „ДДВ" внесете го износот на ДДВ од фактурата. На пример, ако сте добиле фактура во која е искажана 10,000 денари основица за ДДВ и 1,800 денари ДДВ, во е-ППД во полето „бруто / остварен приход" внесете го износот 10,000 денари, а во полето „ДДВ" внесете го износот 1,800 денари. Во збирниот налог и поединечните налози ќе добиете налог за плаќање на ПДД 1,000 денари, како и налог за исплата на трансакциска сметка 10,800 денари, во кој е вклучен и износот на ДДВ.

- При **ИСПЛАТА НА ПРИХОД НА НЕРЕЗИДЕНТ,** не треба да внесувате трансакциска сметка на примателот на приходот, затоа што исплатата се врши на нерезидентна сметка. Во ваков случај, во збирниот налог и во поединечните налози за плаќање, нема да биде вклучен износот на нето приходот на нерезидентот. Задолжително пополнете го полето „датум на исплата".

  Доколку имате одобрение од УЈП за користење на даночно олеснување или ослободување според договорите за одбегнување на двојното оданочување, во соодветни полиња внесете го бројот и датумот на решението од УЈП за одобрување на даночното ослободување/олеснување, со што ПДД ќе биде пресметан по даночната стапка одобрена во решението од УЈП.

  **НАПОМЕНА**: Пред поднесување на пресметката е-ППД за исплата на приход на нерезидент, преку системот е-Персонален данок поднесете Барање за ослободување од данок на доход (образец Б-ОДД), или до надлежната даночна канцеларија на УЈП поднесете во хартиена форма Барање за олеснување, односно ослободување по видови на приходи (образец Б-ОДД-ВП) заверено од надлежен даночен орган од странската држава.

  УЈП ќе го разгледа барањето и ќе донесе соодветно решение, кое ќе може да го видите преку преглед на решенијата во системот е-Персонален данок, а даночното олеснување ќе може да го користите со впишување на бројот и датумот на решението во Електронската пресметка (е-ППД) за исплата на приходот на нерезидентот.

## Пресметка на даночната основа и данокот за уплата по одбивка

По внес на сите приходи кои имате намера да ги исплатите преку една е-ППД, затворете ја Електронската пресметка (е-ППД). Системот за секој примател на приход и вкупно на ниво на е-ППД, автоматски ќе пресмета даночна основа, персонален данок на доход и нето за исплата, имајќи ги во предвид законски

пропишаните одбитоци (признати трошоци) за избраните видови и подвидови на приходи.

## Потврдување и потпишување на Електронска пресметка (е-ППД) од исплатувачот на приходот

Доколку Електронската пресметка (е-ППД) е внесена коректно, треба да ја потврдите и потпишете истата.
Електронската пресметка (е-ППД) ја потпишува со дигитален сертификат физичкото лице кое сте го овластиле за потпишување за вид данок ПДД во системот е-Даноци.

Системот ќе прикаже грешка со зацрвенување на секоја ставка во која има непотполни податоци или неточен ЕМБГ на примателот на приходот, ЕМБГ на примател на приходот кој не е запишан како даночен обврзник во УЈП или неточна трансакциска сметка на примателот на приходот. Во таков случај, не можете да ја потврдите и потпишете е-ППД која е внесена со грешки.

## Постапка на одобрување на Електронската пресметка (е-ППД) од страна на УЈП

По приемот на е-ППД, преку системот **e-pdd.ujp.gov.mk** ќе се направат дополнителни автоматски контроли и УЈП ќе ја одобри поднесената е-ППД, доколку истата нема ставки со некоја од следните **грешки**:
- не постои парот ЕМБГ – трансакциска сметка; или
- трансакциската сметка на примателот на приходот е затворена.

**За одобрената е-ППД** на вашата е-пошта ќе добиете известување, а преку системот е-Персонален данок може да пристапите до Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход, која содржи Спецификација на пресметаните бруто износи, одбитоци, аконтации на ПДД и нето износи за исплата по видови и подвидови на приходи.
**За е-ППД која не е одобрена**, на вашата е-пошта ќе добиете известување, а преку системот е-Персонален данок може да пристапите до Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход, која содржи Преглед на грешките во вашата е-ППД.

## Налози за плаќање на ПДД по одбивка и за исплата на нето приходите на примателите

За одобрената Електронска пресметка (е-ППД), како составен дел на Рекапитулацијата ќе добиете и збирен налог за плаќање на товар на сметката

на еден налогодавач во полза на повеќе примачи (образец ПП 53), за вкупниот износ на нето исплати на сите приматели и вкупниот износ на ПДД по одбивка. Истовремено, УЈП по електронски пат ќе достави до носителите на платен промет поединечни налози за плаќање, за исплата на нето приходот за секое физичко лице - примател на приход од е-ППД и за износите на ПДД за уплата по уплатни сметки и општина според вашето седиште како исплатувач.

**НАПОМЕНА**: Во збирниот налог ПП 53, како и во поединечните налози за плаќање кои УЈП ќе ги достави до носителите на платен промет, нема да влезе износот на нето примањето на примателот на приходот во следните случаи:

- ако приходот на примателот се исплаќа на друг начин, а не преку трансакциска сметка;
- ако примателот на приходот е нерезидент кому приходот му го исплаќате на нерезидентна сметка; или
- ако како приредувач на посебни игри на среќа сте поднеле е-ППД за исплатени добивки од игри на среќа.

Исто така, во збирниот налог ПП 53, како и во поединечните налози за плаќање кои УЈП ќе ги достави до носителите на платен промет, нето износот за исплата на примателот ќе биде намален доколку сте внеле авансно исплатен износ.

За видовите приходи кои не се оданочуваат со ПДД, збирниот налог ПП 53 и поединечните налози за плаќање ќе опфаќаат само налози за исплата на нето на примателите на приходи.

За да извршите исплата на нето примањата на примателите и уплата на ПДД по одбивка, презентирајте го кај носителот на платен промет збирниот налог за плаќање ПП 53 издаден од УЈП. Банката ќе ги преземе од УЈП по електронски пат сите поединечни налози за плаќање.

**НАПОМЕНА**: Износот на збирниот налог за плаќање ПП 53 може да го платите само еднократно во цел износ, што значи дека сите поединечни налози за плаќање ќе се извршат едновремено.

Доколку по поднесената Електронска пресметка (е-ППД) не извршите плаќање на збирниот налог ПП 53 во рок од 30 дена од поднесувањето на е-ППД, системот ќе ја отфрли пресметката е-ППД и ќе ги поништи издадените налози за плаќање. Доколку имате намера да извршите исплата на приходите, потребно е повторно да поднесете е-ППД.

**НАПОМЕНА**: За неплатени обврски за ПДД кои се доспеани за плаќање и се однесуваат за исплати на приходи на физички лица извршени пред 01.01.2018 година, плаќањето извршете со налогот за плаќање на јавни приходи (образец ПП 50). Во полето повикување на број (задолжување) внесете го даночниот период во облик ддммгггг-ддммгггг.

## Исправка на Електронска пресметка (е-ППД)

Сé додека не сте извршиле плаќање на збирниот налог ПП 53, може да извршите корекција на било кој податок во поднесената Електронската пресметка (е-ППД), со што првоподнесената е-ППД ќе биде отфрлена, а корекцијата ќе биде валидна е-ППД по која ќе може да извршите исплата на приходи на примателите и уплата на ПДД по одбивка.

Ако сте извршиле плаќање на збирниот налог ПП 53, во поодделните ставки од е-ППД може да извршите корекција само на податокот за видот или подвидот на приходот. Не може да го намалувате износот на нето приходот кој е исплатен на примателот, а ако сакате да го зголемите износот на нето приходот, ќе треба да поднесете нова е-ППД за дополнителниот износ за исплата.
За да направите корекција на е-ППД, повикајте ја е-ППД во која ќе внесувате корекции. Корекцијата на видот или подвидот на исплатениот приход, може да генерира разлика во бруто износот на приходот без промена на исплатениот, доколку има разлика во одбитоците (признатите трошоци).
**НАПОМЕНА**: За да го пресметате бруто износот за опреден вид/подвид на приход кој треба да го внесете во полето „бруто/остварен приход" во корекцијата на е-ППД тргнувајќи од исплатениот нето износ, користете ја помошната алатка „Калкулатор" во системот е-Персонален данок. Во калкулаторот изберете го видот/подвидот на приходот кој треба да го внесете во корекцијата на е-ППД, во полето „Нето износ" внесете со исплатениот нето износ и чекирајте го полето „Пресметај". Автоматски ќе го добиете бруто износот за видот/подвидот на приходот кој треба да го внесете во корекцијата на е-ППД. На пример, преку е-ППД имате исплатено бруто износ 11.111 денари, односно нето износ 10.000 денари за подвид на приход 7.3 (без одбитоци кои ја намалуваат даночната основа), за што сте пресметале и платиле ПДД од 1.111 денари. За да го корегирате видот на исплатениот приход во подвид 13.2 (со одбитоци 35%), во калкулаторот изберете вид 13 подвид 13.2, внесете со исплатениот нето износ 10.000 денари. Автоматски ќе го добиете бруто износот 10.695 денари, кој треба да го внесете во полето „бруто/остварен приход" во исправката на е-ППД.
Како резултат на корекцијата на видот или подвидот на исплатениот приход со исправка (корекција) на е-ППД, може да настане разлика меѓу платениот ПДД по првоподнесената е-ППД и пресметаниот ПДД во исправката на е-ППД, а во Рекапитулацијата по исправката на е-ППД ќе бидете известени за разликата која може да биде: износ на помалку платен ПДД, износ на повеќе платен ПДД или износ на ПДД за пренасочување од една на друга уплатна сметка.

За помалку платениот ПДД ќе добиете збирен налог за плаќање, како составен дел на рекапитулацијата по исправката на е-ППД. За повеќе платениот ПДД имате право да поднесете Барање за враќање преку системот е-Персонален данок, наведувајќи го бројот на исправката на е-ППД од која произлегува повеќе платениот износ на ПДД.
За износот што треба да се пренасочи од една на друга уплатна сметка нема потреба да поднесувате барање за пренасочување, бидејќи пренасочувањето ќе се изврши автоматски (без донесување на решение од УЈП), а ќе бидете информирани преку промена на видот на вашата е-ППД од "делумно платена" (пред пренасочувањето) во "платена".
**НАПОМЕНА**: Доколку сте направиле грешка при исплатата на приходот, заради што нето приходот сте го исплатиле на друго лице, или заради пермутација и сл. сте исплатиле поголем износ на примателот на приходот, до УЈП треба да поднесете Барање за враќање на повеќе или погрешно наплатен ПДД (образец УЈП-УН-3.2-39) со доказ за враќање на исплатениот приход од страна на примателот на ваша сметка. Врз основа на доказите, службено лице од УЈП ќе изготви службена е-ППД за корекција на платената е-ППД и во корекцијата ќе го намали износот на исплатениот нето приход на лицето. Барањето за враќање и доказите треба да ги доставите преку системот е-Персонален данок, со наведување на бројот на е-ППД по која сте извршиле пресметка и исплата на приходот на примателот и уплата на ПДД по одбивка.

# II. ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ (САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ, ТРГОВЦИ ПОЕДИНЦИ, ЗАНАЕТЧИИ, АДВОКАТИ, ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ДЕЈНОСТ ОД ВРЕМЕН КАРАКТЕР...)

### Ако се оданочувате според вистински доход

Немате обврска за поднесување на е-ППД преку системот е-Персонален данок. За остварените приходи ќе поднесувате само Годишен даночен биланс (ПДД-ДБ).

Согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, разликата меѓу уплатената аконтација и пресметаниот данок на доход за приходите што ќе ги остварите во 2018 година и понатаму, должни сте да ја уплатите во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за предавање на Годишниот даночен биланс. Обврските за месечните аконтации на ПДД и разликата за доплата по ПДД-ДБ и понатаму плаќајте ги со налогот за плаќање на јавни приходи - образец ПП 50. Во полето повикување на број (задолжување) внесете го даночниот период во облик ддммгггг-ддммгггг.

Доколку отпочнувате да вршите самостојна дејност, месечните аконтации на персоналниот данок на доход за првата година ќе ги плаќате на основица од 50% од просечна нето плата по работник во Република Македонија објавена во месец Јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

Доколку имате обврска да воведете и користите фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување, правото на намалување на пресметаниот данок за набавени до 10 фискални апарати, во висина на нивната вредност, може да го остварите со поднесување на барање до надлежната даночна канцеларија на УЈП до 20-ти Јануари наредната година, по годината за која барањето се поднесува.
Доколку даночното ослободување не го искористите до крајот на тековната година, имате право да го пренесете во наредниот период.

### Ако се оданочувате според паушално утврден приход

Согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, доколку сте новорегистриран обврзник, Барањето за паушално оданочување може да го поднесете до надлежната даночна канцеларија на УЈП или преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk** во годината кога отпочнувате со вршење на дејност, и тоа во рок од 15 дена од денот на

регистрација во соодветен регистар, или пред отпочување на вршење на дејноста. Ова барање го поднесува и физичко лице кое врши дејност од времен карактер (на пример, продажба на пуканки, новогодишни честитки и сл.) во рок од 15 дена пред отпочнување на вршење на дејноста.

Барањето за паушално оданочување на приходите (ПДД-Б) може да го поднесете преку системот е-Персонален данок со претходна регистрација како корисник на системот (видете ги насоките за постапка за регистрација на физички лица стр. 25).

Врз основа на поднесеното барање, Управата за јавни приходи ќе ја утврди даночната обврска за ПДД и ќе ви достави налози за плаќање (образец ПП 53) на месечните аконтации, а истите ќе ги достави по електронски пат и до носителите на платен промет. Плаќањето на секоја аконтација ќе го вршите со налогот добиен од Управата за јавни приходи, кој треба да го презентирате кај носителот на платен промет кој ја води вашата трансакциска сметка.

# III. ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ОСТВАРУВААТ ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ТРГОВЦИ КОИ ОРГАНИЗИРААТ ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ

## Доколку остварувате приходи од продажба на сопствени земјоделски производи, а не сте регистриран како самостоен вршител на дејност

Немате повеќе обврска за регистрација во УЈП како даночен обврзник кој остварува приходи од земјоделска дејност, односно немате обврска за поднесување на образец УЈП-РДО/ПЗ, ниту за поднесување на Барање за паушално оданочување на приходи од земјоделска дејност (образец ПДД-ПЗ).

Почнувајќи од 01.01.2018 година, **откупувачите на земјоделски производи** се должни да поднесат Електронска пресметка (е-ППД) пред исплатата на приходи кон физичките лица од кои вршат откуп на земјоделски производи, при што персоналниот данок ќе се пресмета на износот на приходот намален за 80% признати трошоци и ќе биде одбиен од приходот што ќе ви биде исплатен, со што нема да вршите плаќање на персоналнот данок врз основа на даночно решение од УЈП (како за приходите остварени до 31.12.2017 година).
Исто така, почнувајќи од 01.01.2018 година, за приходите кои ќе ги остварувате од **продажба на сопствени земјоделски производи на продажни места (тезги) на зелените пазари**, УЈП ќе ви го утврди паушалниот износ на приходот врз основа на податоци кои ги добива од организаторите на зелените пазари, ќе го пресмета данокот и ќе ви достави решение за утврдување на аконтација на персоналниот данок. Вака пресметаниот данок, ќе го плаќате аконтативно во текот на годината. Управата за јавни приходи ќе ја утврди даночната обврска за ПДД и ќе ви достави налози за плаќање (образец ПП 53) на месечните аконтации, а истите ќе ги достави по електронски пат и до носителите на платен промет. Плаќањето на секоја аконтација ќе го вршите со налогот добиен од Управата за јавни приходи, кој треба да го презентирате кај носителот на платен промет кој ја води вашата трансакциска сметка.

Доколку како физичко лице остварувате приходи од продажба на сопствени земјоделски производи, од 01.01.2018 година должни сте да поднесете Електронска пресметка (е-ППД) само за остварени приходи од **продажба на сопствени земјоделски производи на други физички лица надвор од продажни места на зелените пазари**. По поднесената пресметка е-ПДД, имате обврска за плаќање на ПДД пресметан на износот на остварениот приход намален за 80% признати трошоци (види повеќе страница 24).
И во овој случај ПДД за остварените приходи ќе го плаќате со налогот добиен од Управата за јавни приходи, кој треба да го презентирате кај носителот на платен промет кој ја води вашата трансакциска сметка.

Доколку во текот на календарската година сте оствариле само **приходи од продажба на сопствени земјоделски производи** (од продажба на откупувачи и од продажба на други физички лица надвор од продажни места на зелени пазари) **во вкупен износ кој не надминува 1.000.000 денари**, а при тоа не сте оствариле други приходи кои подлежат на оданочување, ниту плати од работодавач кој е корисник на Технолошка индустриска развојна зона (ТИРЗ), имате право на враќање на платениот данок за остварените приходи од продажба на сопствени земјоделски производи.

Доколку во текот на календарската година сте оствариле **приходи од продажба на сопствени земјоделски производи** (од продажба на откупувачи и од продажба на други физички лица надвор од продажни места на зелени пазари) **во вкупен износ кој надминува 1.000.000 денари**, најдоцна до 15-ти Јануари следната година, треба да се регистрирате во форма за вршење на дејност согласно со закон (трговец поединец, трговско друштво). Обврска за регистрација имате, без оглед дали покрај приходите од земјоделска дејност имате или немате остварено и други видови приходи.
**НАПОМЕНА**: За приходите од продажба на земјоделски прозиводи кои сте ги оствариле во 2017 година се применуваат законските одредби за паушално оданочување со даночно решение од УЈП, односно до 31.01.2018 година исполнете ги законските обврски за приходите остварени во 2017 година со поднесување на обрасците УЈП-РДО/ПЗ и ПДД-ПЗ до надлежната даночна канцеларија на УЈП.

### Доколку сте трговец кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало

Должни сте до УЈП да доставувате Извештај за корисниците на продажните места на зелените пазари, најдоцна до крајот на годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот, како и извештај за секоја промена на корисниците на продажните места на зелените пазари, најдоцна до 10-ти во месецот кој следи по месецот за кој се однесува промената. На пример, до 31.12.2018 година треба да доставите Извештај за состојбата на корисниците на тезги според кој Управата за јавни приходи ќе изврши оданочување на корисниците на тезги за 2019 година. Податоците во извештајот внесете ги на следниот начин:

- **Податоци за зелениот пазар**
  Преку системот **e-pdd.ujp.gov.mk** се прикажува листа на зелени пазари, од која треба да ги повлечете податоците за зелениот пазар за кој го

поднесувате Извештајот за тековна состојба ПДД-И/ЗП.
Доколку во системот не постојат податоци за зелениот пазар за кој треба да поднесете Извештај, тогаш отворете го посебниот прозорец на екранот, преку кој ќе поднесете барање за запишување на пазарот, во кое треба да ги внесете податоците за пазарот – име, адреса каде што е лоциран пазарот и евентуално дополнителни информации. Откако службено лице од Управата за јавни приходи ќе го прифати барањето за запишување на пазарот, ќе може да го пополните Извештајот, избирајќи го конкретниот пазар од системската листа.

- **Даночен период и рокови за поднесување на Извештајот**
  Од лизгачкото мени изберете ја годината за која го поднесувате Извештајот ПДД-И/ЗП и автоматски ќе се пополнат податоците за даночниот период (од – до) и рокот за поднесување на извештајот.
  При поднесување на Извештајот за тековна состојба ПДД-И/ЗП, вообичаено во менито ќе ви биде понудена само следната календарска година, освен при поднесување на извештајот за тековна состојба во 2018 година, кога преку менито ќе ви биде понудена година „2018“ (се избира при поднесување на Извештајот за 2018 година во законскиот рок до 15.01.2018 година) и година „2019“ (се избера при поднесување на Извештајот за 2019 година во законскиот рок до 31.12.2018 година).
- **Податоци за корисници на продажни места**
  Во Извештајот за тековна состојба ПДД-И/ЗП внесете ги корисниците на продажни места – вршители на дејност и физички лица, а не треба да ги внесувате корисниците на продажни места – правни лица.
  Внесете ги поодделно податоците за секое лице кое треба да биде активен корисник на продажно место (тезга) на зелениот пазар на 1 јануари во годината за која ќе се врши пресметување на данокот (даночен период).
  На пример, во Извештајот ПДД-И/ЗП за периодот 01.01.2018 – 31.12.2018 година, внесете ги сите активни корисници на тезги на 01.01.2018 година.
  Со внес на ЕДБ/ЕМБГ на корисникот на тезга, системот ќе ги повлече автоматски податоците Назив / Име и презиме на обврзникот. Доколку корисникот на тезга – физичко лице не постои во Регистарот на даночни обврзници на УЈП, преку системот ќе добиете соодветна порака, а за да го внесете во Извештајот, потребно е лицето да се регистрира со поднесување на Пријава за регистрација на даночен обврзник (образец УЈП-РДО) до надлежната даночна канцеларија.
  За секој корисник на тезга внесете го Периодот на закуп од (задолжително 01. 01 во годината – даночен период), Периодот на закуп до (до крајниот

датум определен со договорот за закуп на тезга, но не подоцна од 31 декември во годината даночен период), изберете „Нов корисник“, внесете ја шифрата на дејност на корисникот и вкупниот износ на закупнина за времетраењето на закупот.

Трговецот кој организира зелен пазар е должен Извештајот ПДД-И/ЗП да го поднесе до УЈП преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk** На истиот образец ги поднесува и извештаите за настанатите промени на месечно ниво.

**НАПОМЕНА**: Трговецот кој организира зелен пазар треба да поднесе Извештај за оданочување за 2017 година (ПДД-И/ЗП) најдоцна до 31.01.2018 година, како и Извештај за оданочување за 2018 година преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk** најдоцна до 15.01.2018 година, кој рок е предвиден како исклучок со Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок данок на доход. Извештаите за промените на месечно ниво во 2018 година треба да ги доставувате почнувајќи со Извештај за промените во периодот 01.01-31.01.2018 година кој треба да го достави до 10.02.2018 година.

# IV. ГРАЃАНИ КОИ ОСТВАРУВААТ ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА ИЛИ ПРИХОДИ ОД СТРАНСТВО

## Регистрирајте се на системот е-Персонален данок!

Обврска за регистрација на системот е-Персонален данок има секое физичко лице кое има обврска за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk**
На системот можете да се регистрирате и доброволно, за прием на вашата Годишна даночна пријава ПДД-ГДП
**НАПОМЕНА**: Странско физичко лице (нерезидент) се регистрира како корисник на системот со ЕДБ доделен од УЈП.

**Доколку сте регистрирани во системот е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk** како овластено лице за потпишување за ПДД, автоматски сте регистрирани и како корисник на системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk**
Со оваа регистрација може да поднесувате Електронска пресметка (е-ППД) и за себе за остварените приходи. Но, за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) за приходите кои ги остварувате лично може да се регистрирате и во системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk**, при што за двете регистрации треба да имате различно корисничко име. Во таков случај, со корисничкото име со кое сте регистрирани како даночен обврзник (граѓанин) во системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk** може да поднесувате Електронска пресметка (е-ППД) само за себе, а не може да поднесувате Електронска пресметка (е-ППД) за правните лица за кои имате овластување преку системот е-Даноци.
**НАПОМЕНА**: Доколку до 31.12.2017 година сте регистрирани како овластено лице за потпишување за ПДД во системот е-Даноци, Управата за јавни приходи автоматски пренесува оваа регистрацијата и во системот е-Персонален данок. Ваша обврска ќе биде, по најавата на системот е-Персонален данок со корисничкото име и лозинка од е-Даноци, да го преземете дигиталниот сертификат односно во вашиот профил да означите "дигитално потпишување" и да го изберете копчето "промени".
После 31.12.2017 година, доколку се регистрирате на системот е-Даноци како овластено лице за потпишување за ПДД, автоматски сте регистрирани и за користење на системот е-Персонален данок. Вашата регистрација во системот е-Персонален данок ќе продолжи и во случај кога ќе помине важноста на вашиот дигитален сертификат.
**Доколку не сте регистрирани во системот е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk** како овластено лице за потпишување за ПДД, треба

да се регистрирате како корисник на системот е-Персонален данок.
Постапката за регистрација е лесна и едноставна.

- Единствен услов за регистрација на системот е да имате валидна е-пошта, која ќе биде корисничко име (user name) за ваша најава на системот **e-pdd.ujp.gov.mk** и ќе ви служи за комуникација со Управата за јавни приходи.
- На најавната страна на системот е-Персонален данок има дел за регистрација на нов корисник на системот. Со влегување во овој дел од системот, ќе се отвори мени во кое треба задолжително да ги внесете своите **идентификациони податоци.**
- Со првата регистрација на системот може да пријавите и свој **полномошник** кој ќе го ополномоштите по еден или по двата основи: за поднесување на електронска пресметка преку системот е-Персонален данок и/или за потврдување и корекција на пополнета Годишна даночна пријава.
  **НАПОМЕНА**: Полномошникот може да биде само лице кое е веќе регистриран корисник на системот **e-pdd.ujp.gov.mk**
- Врз основа на внесените податоци, автоматски се генерира вашето Барање за регистрација на системот е-Персонален данок, кое треба да го испечатите и да го поднесете во надлежната даночна канцеларија на УЈП, при што треба да се јавите лично вие и да приложите документ за идентифиакција или пак да се јави лично вашиот полномошник и да приложи документ за негова идентификација и полномошно заверено на нотар. Службено лице од УЈП ќе ја верифицира вашата регистрација на системот е-Персонален данок.
  **НАПОМЕНА**: Ако вие или избраниот полномошник не сте евидентирани како даночен обврзник во Регистарот на даночни обврзници на УЈП, потребно е претходно да се регистрирате како даночен обврзник, со поднесување на Пријава за регистрација УЈП-РДО и доставување на документ за идентификација на увид во даночна канцеларија на УЈП.
  Физички лица промената на е-пошта и лозинката ја вршат преку **e-pdd.ujp.gov.mk**. Корисничкото име (е-пошта) неможе да се менува, истото секогаш се користи само за најава во системот е-Персонален данок. За да се промени е-поштата за контакт, се врши најава во системот со корисничко име и во профилот се променува е-поштата со посакуваната на која ќе ги добивате сите известувања и лозинки од Управата за јавни приходи. Промената на лозинката се врши на **најавната страна** на **e-pdd.ujp.gov.mk** каде имате копче **заборавена лозинка**, кога ќе кликнете, системот ќе ви достави привремена лозинка на вашата е-пошта, која потоа може да си ја смените. Менувањето на привремената лозинка се врши преку алатката Корисник (човече), избирате мени Промени лозинка, каде во “**важечка лозинка**” ја

ставате привремената лозинка која сте ја добиле на вашата е-пошта, и потоа запишувате ваша по желба лозинка за добро да ја запаметите и истата уште еднаш ја потврдувате и кликате на полето “**промени лозинка**”.

## Поднесете Електронска пресметка (е-ППД) за секој остварен приход од друго физичко лице во земјата и за секој остварен приход од странство

- Резидент на Република Македонија, како и странско физичко лице (нерезидент), има обврска за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) за секој **остварен приход во Република Македонија од други физички лица**, по следните основи:
  **1. Плати, други лични примања по основ на работен однос и пензии**
  Плати од ДКП-а (од дипломатско, односно конзуларно претставништво на странска држава или од претставници или службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет)
  7. **Примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги**
  7.1 Примања по основ на извршени консултантски услуги
  7.2 Примања по основ на извршени интелектуални услуги
  7.3 Примања по основ на извршени други повремени или привремени услуги
  **8. Приходи од имот и имотни права (закупнини)**
  8.1 освен од издавање на опремени станбени и деловни простории
  8.2 од издавање на опремени станбени и деловни простории
  8.3 со признавање на стварни трошоци
  **13. Други приходи**
  13.2 Други приходи
  **14. Приходи од земјоделски производи**
  14.1 Приходи од лековити билки и шумски плодови
  14.2 Приходи од други земјоделски производи
  **15. Капитална добивка**
  15.1 Капитална добивка од продажба на хартии од вредност
  15.2 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот живеел најмалку една година пред продажбата, а го продава пред истекот на 3 години од денот на стекнување на имотот
  15.3 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот не живеел најмалку една година пред продажбата и истиот го продава пред истекот на 5 години од денот на стекнувањето
  15.4 Капитална добивка од продажба на учество во капитал
- Резидент на Република Македонија има обврска за поднесување на е-ППД

за секој остварен приход во странство по следните основи:
**1. Плати, други лични примања по основ на работен однос и пензии**
1.2 Плати остварени во странство
1.3 Пензии остварени во странство
1.4 Пензиски надоместок по основ на доброволно пензиско осигурување од странство
1.5 Други лични примања остварени во странство
**2. Дополнителни примања и надоместоци на трошоци на вработени лица на кои не се платени придонеси и други лични примања на невработени лица**
2.2 Приходи кои подлежат на оданочување со ПДД – други приходи
2.3 Приходи кои не подлежат на оданочување со ПДД
**(3.1) Примања на членови на органи на управување и органи на надзор во трговски друштва**
**7. Примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги**
7.1 Примања по основ на извршени консултантски услуги
7.2 Примања по основ на извршени интелектуални услуги
7.3 Примања по основ на извршени други повремени или привремени услуги
**8. Приходи од имот и имотни права (закупнини)**
8.1 освен од издавање на опремени станбени и деловни простории
8.2 од издавање на опремени станбени и деловни простории
8.3 со признавање на стварни трошоци
**9. Приходи од авторски права и права на индустриска сопственост**
(Полиња од 9.1 до 9.8) Подвидови на приходи од авторски права и права на индустриска сопственост според видовите на права утврдени со Законот за персонален данок за кои се применуваат различни стапки на одбитоци, вклучително и со стварни трошоци.
**(10.1) Дивиденди и други приходи остварени со учество во добивката**
**(11.1) Камати за заеми, обврзници и други хартии од вредност**
**12. Добивки од игри на среќа и други наградни игри**
12.1 Добивки од посебни игри на среќа
12.2 Добивки од општи игри на среќа на кои се наплатува ПДД
**13. Други приходи**
13.2 Други приходи
**НАПОМЕНА**: Од 01.01.2018 година, должни сте да поднесете Електронска пресметка (е-ППД) и за приходите остварени **со електронска трговија преку специјализирани интернет страни и приходи од интернет маркетинг услуги**. Остварените приходи по овој основ во е-ППД искажете ги во вид 13 подвид 13.2.

**14. Приходи од земјоделски производи**
14.1 Приходи од лековити билки и шумски плодови
14.2 Приходи од други земјоделски производи
**15. Капитална добивка**
15.1 Капитална добивка од продажба на хартии од вредност
15.2 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот живеел најмалку една година пред продажбата, а го продава пред истекот на 3 години од денот на стекнување на имотот
15.3 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот не живеел најмалку една година пред продажбата и истиот го продава пред истекот на 5 години од денот на стекнувањето
15.4 Капитална добивка од продажба на учество во капитал
**НАПОМЕНА**: Од 01.01.2018 година не се врши оданочување и немате обврска за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) за капитална добивка од продажба на недвижен имот стекнат по пат на денационализација, како и за приходите остварени со стекнување на хартии од вредност и учество во капиталот без надоместок.

Од 01.01.2018 година се воведуваат значајни измени во оданочувањето на приходите што ги остваруваат физички лица (кои не се регистрирани за вршење на дејност) од продажба на сопствени земјоделски производи.
Видете ги посебните насоки дадени на стр.19.

За секој приход кој подлежи на оданочување остварен во земјата и во странство во текот на еден месец, Електронска пресметка (е-ППД) треба да поднесете најдоцна до 10-ти во следниот месец преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk**
За секој остварен приход во текот на еден календарски месец треба да поднесете посебна пресметка е-ППД.

**НАПОМЕНА**: Навремено регистрирајте се како корисник на системот е-Персонален данок, за да можете до 10-ти Февруари 2018 година да поднесете Електронска пресметка (е-ППД) за приходите од било кој вид кои ќе ги остварите од други физички лица во земјата или од странство во текот на месец Јануари 2018 година. На пример, доколку имате тековен договор за издавање на имот или имотно право под закуп на друго физичко лице, врз основа на кој ќе остварувате приходи од закупнини во 2018 година, првата пресметка е-ППД треба да ја поднесете до 10.02.2018 година преку системот **e-pdd.ujp.gov.mk**

## Начин на пополнување на Електронска пресметка (е-ППД) за остварените приходи

- Вашите идентификационите податоци ќе се појават автоматски.
- Задолжително пополнете го периодот, односно "датум од" и "датум до".
  **НАПОМЕНА**: Освен за подвид на приход 1.1 Плати остварени во ДКП-а, за другите видови и подвидови на приходи периодот секогаш треба да биде календарскиот месец во кој сте го оствариле приходот, односно првиот и последниот датум во тој месец.
- Изберете ја Република Македонија како земја во која е резидент исплатувачот на приходот, доколку приходот сте го оствариле во земјата, односно изберете ја од понуденото мени земјата во која е резидент исплатувачот за приходот што сте го оствариле во странство.
- Изберете го видот и подвидот на приходот кој сте го оствариле. Системот ќе ве води и нема да овозможи да внесете вид и подвид на приход за кој персоналниот данок се плаќа само по одбивка.
  **НАПОМЕНА**: Видовите приходи 8 (закупнини) и 15 (капитална добивка) и поврзаните подвидови приходи нема да се појават преку соодветните менија, од причина што за овие видови приходи има специфичности за изготвувањето и поднесување на е-ППД (види стр. 32 - 34).
- Не треба да го изберете начинот на исплата на приходот, затоа што не сте исплатувач.
- Во полето "Датум на исплата" задолжително внесете го датумот кога сте го оствариле приходот.
- Внесете го износот на остварениот приход.
  **НАПОМЕНА**: За определени видови/подвидови приходи во пресметката е-ППД треба да внесете и дополнителни податоци. Видете ги понатамошните насоки за специфичности при пополнување на е-ППД.

## Специфичности при пополнување на Електронската пресметка (е-ППД) за видовите на остварени приходи

- **Плати остварени од ДКП-а (дипломатски конзуларни претставништва на странски држави или кај претставници или службеници на такви претставништва)**
  Доколку сте лице вработено во дипломатско, односно конзуларно претставништво (ДКП) на странска држава или кај претставници или службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет и вашиот исплатувач при исплатата на плата не врши пресметување

и плаќање по одбивка на ПДД на плати, тогаш имате обврска до 10-ти во месецот да поднесете пресметка е-ППД за вид на приход 1, подвид 1.4. за плата која сте ја примиле од исплатувачот во претходниот месец. Задолжително пополнете го периодот за кој се однесува платата, односно податоците "датум од" и "датум до", така што доколку работниот однос кај исплатувачот започнал и/или завршил во текот на месецот за кој се однесува е-ППД, овие податоци треба да бидат датумите на започнување и/или завршување на работниот однос. Доколку во текот на месецот за кој се однесува е-ППД не настанал почеток и/или крај на вашиот работен однос кај исплатувачот, тогаш внесете ги првиот и последниот датум од календарскиот месец. Во "датум на исплата" внесете го датумот кога исплатувачот ви ја исплатил платата.
Како дополнителни податоци во е-ППД внесете ги и: месецот за кој се однесува исплатената плата, ЕДБ и назив на исплатувачот.
Во е-ППД внесете го износот на остварениот приход што сте го добиле од вашиот исплатувач, без износот на придонесите од задолжително социјално осигурување чие плаќање е на товар на исплатувачот.
Според внесените податоци, системот автоматски ќе го пресмета месечното лично ослободување сведено за периодот на времетраење на вашиот работен однос кај исплатувачот (од "датум од" до "датум до"). Овој износ ќе се прикаже во полето "Износ кој не подлежи на оданочување" и за овој износ автоматски ќе се намали остварениот приход при пресметувањето на даночната основа и на ПДД.

- **Приходи остварени во странство**
  Доколку сте оствариле некој приход од странство, имате обврска до 10-ти во месецот да поднесете е-ППД за приходот остварен претходниот месец. При пополнувањето на податоците во е-ППД, прво изберете ја земјата во која е резидент исплатувачот (земјата во која сте го оствариле приходот), а потоа системот во менито "Вид на приход" и "Подвид на приход" ќе ви ги понуди видовите и подвидови на приходи за кои можете да поднесете е-ППД (вклучително и видови/подвидови приходи за кои, доколку ги остварувате во земјата, не можете да поднесете е-ППД, затоа што тоа е обврска на исплатувачот од земјата).
  Во пресметката е-ППД за приходи остварени во странство, внесете дополнителни податоци за: датум на прилив од странство, износ на остварениот приход во странска валута, валута во која е исплатен приходот (вршите избор од понудено мени), износ на данокот платен во странската држава (во странска валута) и датум на уплата на данокот во странската држава. Врз основа на внесените податоци, системот автоматски ќе го

пресмета остварениот приход во денари (по среден курс на датумот кога е остварен приходот од странство) и износот на данокот платен во странска држава изразен во денари по среден курс на датумот на уплата во странската држава.
Кон пресметката е-ППД за приходот остварен во странство, задолжително прикачете докази за: видот на остварениот приход и за платениот данок во странската држава (доказ издаден од даночниот орган во странската држава), а може да прикачите и други (незадолжителни) докази.
Вашата пресметка е-ППД за приход остварен во странската држава секогаш треба да ја провери и одобри службено лице од УЈП.
**НАПОМЕНА**: Доколку службено лице од УЈП утврди дека е валиден доказот за данокот платен во странската држава, пресметаниот данок ќе се намали за износот на данокот платен во странската држава, но најмногу до износот што треба да се плати во Република Македонија по законската стапка (10%).
Доколку при поднесување на пресметката е-ППД за приходот остварен во странство не располагате со доказ за данокот платен во странската држава, по обезбедување на доказот може преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk** да поднесете Барање за враќање на повеќе или погрешно наплатен ПДД, наведувајќи го бројот на е-ППД по која е извршено плаќање на персоналниот данок.

- **Приходи од имот и имотни права (закупнини) од издавање во закуп/ подзакуп на друго физичко лице, на дипломатско конзуларно претставништво или на меѓународна организација**
Доколку континуирано до крајот на календарската година ќе остварувате приход од закупнина од издавање на имот или имотно право во закуп/подзакуп на друго физичко лице, на дипломатско конзуларно претставништво или на меѓународна организација имате обврска да поднесете пресметка е-ППД до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е склучен договорот за закуп. Пријавувањето на податоците за остварениот приход може да го правите само на ниво на календарска година. На пример, ако сте склучиле договор за закуп на 15.04.2018 година за закуп за периодот од 01.05.2018 година до 31.12.2019 година, тогаш најдоцна до 10.05.2018 година треба да поднесете е-ППД за периодот 01.05-31.12.2018 година и потоа најдоцна до 10.02.2019 година треба да поднесете е-ППД за периодот 01.01-31.12.2019 година.
Доколку сте оствариле приход од закупнина од издавање на имот или имотно право во закуп/подзакуп на друго физичко лице со времетраење на закупот помалку од 30/31 дена во текот на еден месец, имате обврска да поднесете пресметка е-ППД до 10-ти во месецот кој следи после месецот на

издавање во закуп/подзакуп.
**НАПОМЕНА**: Имате обврска да поднесете Електронска пресметка (е-ППД) и доколку издавате имот во закуп на странстко дипломатско-конзуларно претставништво или меѓународна организација, доколку закупецот при исплатата на закупнината не го пресметува и не со плаќа ПДД по одбивка.
При поднесување на е-ППД за приходи од закупнини, влезете во делот "Закупнини" и внесете ги сите: податоци за закуподавецот/сопственикот, податоци за закупецот, податоци за имото/имотното право и податоци за приходите (месечен износ).
Изберете "Пријава на имот" доколку поднесувате прв пат податоци за остварениот приход, или "Замена на пријава" доколку вршите промена на претходно пријавените податоци.
Доколку кај вид на недвижен имот изберете "стварни трошоци" (што значи дека одбитоците при пресметувањето на ПДД треба да се пресметаат според стварните трошоци, а не според признати трошоци), тогаш треба да го внесете и износот на стварните трошоци.
Означете го и начинот на наплата на закупнината: месечно или еднократно.
Прикачете ги задолжителните докази: договорот за закуп, како и доказот за стварните трошоци доколку сте избрале таков вид, а можете да прикачите и други (незадолжителни) докази.
Врз основа на сите внесени податоци, автоматски ќе се креира е-ППД за остварениот приход од закупнина. Износот на стварните трошоци (доколку е внесен за издвање на недвижен имот во закуп) во е-ППД ќе се прикаже во полето "Износ кој не подлежи на оданочување" и ќе се одбие од износот на остварениот приход при пресметување на даночната основа за ПДД.
Доколку сте пријавиле континуирано остварување на приход од закупнина, а подоцна дошло до некаква промена на пријавените податоци, треба да поднесете "Замена на пријава" наведувајќи го бројот на претходната е-ППД.
Вашата е-ППД за остварен приход од закупнина секогаш треба да ја провери и одобри службено лице од УЈП.

- **Приходи од капитална добивка**
  Доколку сте оствариле **капитална добивка од продажба на учество во капитал (удел)**, должни сте да поднесете пресметка е-ППД до 10-ти во месецот кој следи после месецот во кој е извршена продажбата. Доколку сте оствариле **капитална добивка од продажба на недвижност**, должни сте да поднесете е-ППД до 10-ти во месецот кој следи после месецот во кој е заверен договорот за купопродажба. Во 2018 година немате обврска за поднесување на е-ППД за остварена капитална добивка од продажба на хартии од вредност. При поднесување на е-ППД за остварена капитална

добивка, влезете во делот "Капитални добивки" и внесете ги податоците за подносителот и податоците за недвижноста, односно уделот.
Прикачете ги задолжителните докази: документ за стекнување, документ за отуѓување, како и доказ за платен данок на промет на недвижности доколку имате внесено износ на платен данок на промет на недвижности (за капитална добивка од продажба на недвижен имот), а можете да прикачите и други (незадолжителни) докази.
Врз основа на сите внесени податоци, автоматски ќе се креира е-ППД за остварениот приход од закупнина. Износот на платениот данок на промет на недвижности (доколку е внесен за капитална добивка од продажба на недвижен имот) во е-ППД ќе се прикаже во полето "Износ кој не подлежи на оданочување" и ќе се одбие од износот на остварениот приход при пресметување на даночната основа за ПДД.
Вашата е-ППД за остварен приход остварен од закупнина секогаш треба да ја провери и одобри службено лице од УЈП.

## Пресметка на даночната основа и данок за уплата

По внес на сите податоци за остварениот приход, затворете ја Електронската пресметка е-ППД. Системот автоматски ќе ја пресмета даночна основа и персоналниот данок на доход, имајќи ги во предвид законски пропишаните одбитоци (признати трошоци) за избраниот вид и подвид на приход или износот кој не подлежи на оданочување за соодветниот вид/подвид на приход.

## Потврдување и потпишување на Електронска пресметка (е-ППД) од граѓанин

Доколку е-ППД е внесена коректно, треба да ја потврдите и потпишете истата со еднократен ПИНКОД кој ќе го добиете на вашата е-пошта. Системот ќе прикаже грешка со зацрвенување на секоја ставка во која има непотполни податоци или без задолжителни докази. Во таков случај, не можете да ја потврдите и потпишете Електронската пресметка (е-ППД) која е внесена со грешки.

## Постапка на одобрување на Електронската пресметка (е-ППД) од страна на УЈП

За одобрената пресметка е-ППД на вашата е-пошта ќе добиете известување, а преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk** може да пристапите до Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход, која содржи Спецификација на пресметаниот бруто износ, одбитоци, аконтација на ПДД и

нето износ за остварениот приход.
За приходи од имот и имотни права и за остварена капитална добивка, како и за приходи остварени во странство, секогаш службено лице од УЈП ќе ја провери вашата Електронска пресметка (е-ППД).
Доколку службено лице од УЈП утврди поинаква фактичка состојба во врска со остварениот приход, тогаш службеното лице од УЈП нема да ја прифати вашата пресметка е-ППД, но ќе изготви службена е-ППД. Преку системот е-Персонален данок ќе ја добиете Рекапитулацијата и збирниот налог за плаќање генерирани по службената е-ППД од УЈП, како и Решение за одбивање на пресметка и утврдување на аконтација на данок.

### Налози за плаќање на персонален данок

Доколку остварувате приходи од имот и имотни права по договор кој има континуирано траење и плаќањето на закупнината е месечно, како составен дел на Рекапитулацијата ќе добиете налози ПП 53 за плаќање на месечни аконтации на персоналниот данок.

При промена на пријавените податоци за закупот, доколку дошло до прекинување на закупот, врз основа на корекцијата на е-ППД ќе се елиминираат неплатените налози за месечни аконтации на ПДД, а доколку се платени месечните аконтации на ПДД и за месеците за кои е прекинат договорот за закуп, во Рекапитулацијата по корекцијата на е-ППД ќе се прикаже износ на повеќе платен персонален данок за кој ќе имате право на враќање со поднесување на Барање за враќање на повеќе/погрешно наплатен ПДД преку системот е-Персонален данок **e-pdd.ujp.gov.mk**
Доколку приходот од закупнина е остварен за закуп со времетраење пократко од 30/31 денови во текот на еден календарски месец или доколку имате договор закуп кој има континуирано траење, но исплатата на закупнината е извршена еднократно, тогаш ќе добиете еден налог за плаќање – образец ПП 53 за износот на персонален данок. И за сите останати видови на приходи, како составен дел на Рекапитулацијата ќе добиете еден налог за плаќање – образец ПП 53 за износот на ПДД.
Во збирниот налог за плаќање не влегува износот на приходот што сте го оствариле, туку само износот на персонален данок.
Истовремено, УЈП по електронски пат ќе го достави до носителите на платен промет поединечен налог за плаќање за износот на ПДД за уплата на соодветна уплатна сметка и општина. Законски пропишаниот рок за плаќање на персоналниот данок е до 15-ти во месецот за приход остварен претходниот

месец. На износот на данокот што не е платен во законски пропишаниот рок, се пресметува и наплатува камата од 0,03% за секој ден задоцнување. Кога УЈП ја одбила вашата пресметка е-ППД и изготвила службена пресметка е-ППД со Решение за одбивање на пресметка и утврдување на аконтација на данок, рокот за доброволно плаќање по решението од УЈП е 15 дена од денот на доставување на решението.

## Исправка на Електронска пресметка (е-ППД)

Не може да поднесете корекција на вашата пресметка е-ППД која е разгледана и одобрена од службено лице од УЈП.
За видовите на приходи за кои вашата пресметка е-ППД не ја одобрува службено лице од УЈП, било каква корекција на вашата пресметка е-ППД може да направите сѐ додека не е платена. Ако после плаќањето на персоналниот данок сте утвриле грешки во податоците во вашата пресметка е-ППД, може да направите корекција само на видот/подвидот на остварениот приход.
Доколку треба да направите корекција на износот на остварениот приход, треба да се обратите до службено лице во УЈП со поднесување на соодветни докази, односно не ви е дозволена корекција (намалување) на износот на остварениот приход во пресметката е-ППД по која е платен персоналниот данок.

## Издавање на пополнета Годишна даночна пријава од УЈП

Врз основа на сите податоци за исплатените приходи од страна на исплатувачите и за приходите кои сте ги оствариле од други физички лица и од странство, како и за приходите од вршење дејност кои се оданочуваат според вистински доход и паушално и за исплатената плата во текот на календарската година, најдоцна до 30 април следната година УЈП ќе изготви и ќе ви достави пополнета Годишна даночна пријава, која може да ја преземете и од системот е-Персонален данок по претходна регистрација на истиот. Ваша обврска ќе биде истата да ја потврдите или да ја корегирате најдоцна до 31 мај.
**НАПОМЕНА**: За приходите кои граѓанинот ги остварил во 2017 година, има обрска да поднесе Годишна даночна пријава (ПДД-ГДП) до 15.03.2018 година, до надлежната даночна канцеларија на УЈП или преку системот е-Даноци.

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври” бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000 02; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу” бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада“ бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври” бр. 27, 1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Димитар Илиевски – Мурато” бр.24-а,
7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители” бр.6,
7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара” бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода” бб, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ” бр.1,
2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

e-aukcii.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4592-91-4